Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19) во согласност со Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр. 08-370 од 04.03.2021 година а во врска со поднесеното барање

Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 02-10862
25.03 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

Се **ОДБИВА** барањето од за пристап до информации од јавен карактер.

По спроведениот тест на штетност согласно член 20, став (2) а врз основа член 6, став(1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер не му се овозможува увид на барателот да се запознае со содржината на бараната информација во форма на електронски запис по е-маил.

**Образложение**

Барателот на информации од јавен карактер на ден 14.01.2021 година достави барање до имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје со кое се ги бара во електронска форма следните информации:

(1) Тендерската документација подготвена за проектите кофинансирани преку инструментот „Инвестициска рамка за Западен Балкан (ВБИФ)“,
(2) Одлуките за избор на изведувач во периодот од 2010 до 2021 година, како и
(3) Склучени Договори за овие проекти.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето оцени дека за предметното барање треба да се спроведе тест за штетност согласно член 20, став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како и член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во проектите за техничка помош од WBIF, АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје не е имател на информациите кои се бараат, односно не поседува ниту еден од бараните документи, бидејќи комплетната постапка се одвива пред и во органите на ЕБОР.

За проектите со инвестициски грант преку WBIF, како дaвател на средства се јавува Европска банка за обнова и развој, се спроведе тест на штетност, односно АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје се обрати до ЕБОР со барање за произнесување по однос на доверливоста на информациите наведени од Барателот во точки од (1) до (3).

Европската банка за обнова и развој достави одговор дека, цитат:... " *во согласност со Политиката за информации од јавен карактер на Европска Банка за обнова и развој, следните информации се сметаат за доверливи: Информации во врска со процесите за набавки, вклучително и информации доставени во фаза на претквалификација од потенцијални понудувачи, тендери, понуди или понуда на цени (освен вкупната договорна цена), или евиденција за одлуките. Според тоа, во однос на Политиката за информации од јавен карактер на Банката, МЕПСО нема право да споделува информации од овој карактер".*

**(одговор изворно на англиски јазик: Please note that in accordance with the EBRD's Public Information Policy the following information is considered as confidential, quote: "Information related to procurement processes, including pre-qualification information submitted by prospective bidders, tenders, proposals or price quotations (other than the total contract price), or records of deliberative processes." Therefore, in respect of the Bank's public information policy MEPSO is not entitled to provide such information, and shall not share it with an investigative reporter.)*

Со горенаведеното, АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје постапи согласно член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје при донесување на ова Решение ги имаше во предвид и постапуваше согласно укажувањата содржани во Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр. 08-370 од 04.03.2021 година.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Kushtrim Ramadani**

Службени лица за посредување
со информации од јавен карактер
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но

- Барател
- Агенција за ЗПСПИЈК
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Кабинет на ГД
- Архива